РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2794/5
07.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од Конститутивната седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 03.07.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Сашо Стефановски, Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Виктор Павловски.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Емилија Јаневска, Магдалена Довлева Давидовска, Горан Радуновиќ, Арџенд Џелили, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** Лазо Петрушевски.

Претседателот на Советот од претходниот состав, Лазо Петрушевски ја отвори конститутивната седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека новите членови на Советот на АВМУ се избрани на седницата на Собранието на Република Северна Македонија одржана на 24 јуни 2025 година. Во таа насока им го честита изборот, им посака успех во работата и здравје во животот.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
2. Избор на заменик на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски даде образложение за постапката за избор на претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој информираше дека, согласно Деловникот за работа на Агенцијата, Советот од својот состав избира претседател и заменик-претседател. Секој член на Советот има право да предложи кандидат за претседател, при што предлогот може да се даде усно или писмено на самата седница. Доколку бидат предложени повеќе кандидати, гласањето ќе се спроведе по азбучен ред, според презимињата на кандидатите. Понатаму, г-дин Петрушевски нагласи дека за Советот да може да работи, потребно е присуство на најмалку пет члена од вкупно седум. За донесување полноважни одлуки, потребни се најмалку четири гласа „за“, независно од бројот на присутни членови. По ова образложение, г-дин Петрушевски ги повика присутните членови да предложат кандидати за функцијата претседател на Советот.

Членот на Советот, г-дин Петар Ѓуровски, го предложи г-дин Сашо Стефановски за претседател на Советот. Во образложението го истакна неговото долгогодишно работно искуство, оценувајќи дека тој е најкомпетентен за функцијата.

Членката на Советот, г-ѓа Афрона Врзиволи, исто така го поддржа предлогот и го предложи г-дин Стефановски за претседател.

Членката на Советот, г-ѓа Зирјета Јајага, се приклучи кон предлогот, посочувајќи дека г-дин Сашо Стефановски има богато и докажано професионално искуство кое датира уште од 1987 година. Таа посебно го истакна неговиот професионализам, посветеност и интегритет како клучни квалитети за понатамошното успешно функционирање на Советот и на Агенцијата во целина.

Советот на Агенцијата едногласно за претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го избра г-дин Сашо Стефановски.

По изборот, г-дин Сашо Стефановски им се заблагодари на присутните членови на Советот за укажаната доверба и за упатените честитки по повод неговиот избор за претседател на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 2**

Претседателот на Советот, г-дин Сашо Стефановски, ја отвори втората точка од дневниот ред - избор на заменик на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и упати повик до членовите на Советот за да предложат кандидати.

Членката на Советот, г-ѓа Цветанка Миновска, за заменик-претседател ја предложи г-ѓа Зирјета Хајро Јајага. Во своето образложение, таа наведе дека професионално ја познава кандидатката и ја смета за личност која може одговорно и ефикасно да ги извршува обврските што произлегуваат од функцијата. Ги истакна нејзиното долгогодишно искуство во новинарството, професионалниот интегритет, познавањето на работата на Агенцијата, како и нејзиниот потенцијал да придонесе за натамошен напредок на Советот и да биде значајна поддршка на претседателот.

Претседателот на Советот, г-дин Сашо Стефановски, изрази поддршка од предложената кандидатура и истакна дека г-ѓа Зирјета Хајро Јајага ја познава подолго

време. Додаде дека со задоволство ја прифаќа можноста за заедничка соработка во идниот мандат, оценувајќи дека нејзиното искуство и професионален пристап ќе придонесат за ефикасна и конструктивна работа на Советот.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од Афрона Врзиволи, за заменик на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја избра Зирјета Хајро Јајага.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски даде образложение за Предлогот кој се однесува на набавка на стока со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки. Посочи дека станува збор за дополнително опремување на канцелариите на членовите на Советот, кои веќе се реновирани, но сѐ уште не се обезбедени нови врати. Истакна дека се побарани понуди од економски оператори, а истите се приложени во материјалите доставени до членовите на Советот по оваа точка од дневниот ред. Дополнително појасни дека Советот не гласа за конкретна понуда, туку го прифаќа проценетиот износ за набавката и, врз основа на тоа, дава одобрение на директорот да донесе одлука за избор на понудувач, во рамки на надлежностите утврдени со закон.

Членката на Советот, г-ѓа Мајнова, постави прашање во врска со Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година, односно дали истиот е веќе усвоен и дали е објавен на веб страницата на Агенцијата.

Во одговор, г-дин Трајчевски информираше дека Годишниот план за јавни набавки за 2025 година бил усвоен кон крајот на 2024 година, по што бил објавен на официјалната веб страница на Агенцијата, во согласност со законските обврски за транспарентност.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства за набавка на стока: внатрешни врати во објектот, со проценета вредност под вредносните прагови со примена на Законот за јавните набавки, во износ од 29.400,00 денари без ДДВ, односно вкупен износ од 34.629,00 денари со вклучен ДДВ.

За реализирање на горенаведената набавка средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**